РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 31-08-2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 328/1 | | |


Република Северна Македонија

**Државен завод за статистика**

Бр. 22-1272/1

Дата 24.08.26, Скопје

**До:**

Предмет: Известување за електронско пополнување на образецот ВОИ.20

Почитувани,

Согласно со член 26 и член 30 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20) и Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/23), Државниот завод за статистика го спроведува статистичкото истражување за запишани студенти на додипломски студии на факултетите и високите стручни школи.

Заради дигитализација на прибирањето на податоците, Државниот завод за статистика, во соработка со Министерството за дигитална трансформација, го подготви електронскиот образец ВОИ.20, кој е достапен на Националниот портал за е-услуги www.uslugi.gov.mk.

Почнувајќи од академската 2025/2026 година, податоците за сите активни студенти на секоја студиска година се прибираат исклучиво по електронски пат, односно веќе нема да се користат хартиени обрасци ВОИ.20.

Секој студент треба да го пополни електронскиот образец ВОИ.20 на Националниот портал за е-услуги, со користење на својата активна корисничка сметка на ниско ниво. По успешно пополнување и доставување на образецот, системот генерира потврда за успешно доставен образец, односно документ со кој се потврдува дека образецот е пополнет и доставен.

Студентот е должен потврдата за успешно доставен образец, односно генерираниот документ, да ја достави до студентската служба на матичниот факултет/високата стручна школа, согласно со процедурите на високообразовната установа.

Факултетите и високите стручни школи се должни навремено да ги информираат студентите за обврската за пополнување на електронскиот образец ВОИ.20 и да следат дали сите активни студенти ги исполниле своите обврски во рамките на истражувањето.

Ве молиме електронското пополнување и доставување на образецот ВОИ.20 да се изврши најдоцна до 15.11.2026 година.

По завршувањето на рокот за доставување на податоците, Државниот завод за статистика ќе достави до факултетите и високите стручни школи табеларен преглед со податоците за сите студенти евидентирани во електронскиот систем. Високообразовните установи треба да ги проверат податоците и да потврдат дека тие се веродостојни, целосни и точни.

Ако во табеларниот преглед недостасуваат студенти што се активни на соодветниот факултет/висока стручна школа, а поради одредена причина не се пријавиле во електронскиот систем, како и странски студенти за кои податоците не се прибрани преку електронскиот образец ВОИ.20, високообразовната установа е должна да ги внесе нивните податоци во документот во формат ексел, кој ви го доставуваме во прилог на овој допис.

Со пополнувањето и доставувањето на податоците учествувате во процесот на обезбедување веродостојни и навремени статистички податоци потребни за успешно работење на вашата институција, како и за креирање и следење на образовните политики.

Имајте предвид дека недоставувањето податоци за потребите на статистичките истражувања подлежи на казни согласно со Законот за државната статистика.

За сите прашања во врска со електронското пополнување на образецот ВОИ.20, лица за контакт од Државниот завод за статистика се:

- Славка Трпкова, тел. 02-3249-418, е-пошта: slavka.trpkova@stat.gov.mk и
- Снежана Стојковиќ, тел. 02-3249-408, е-пошта: snezana.stojkovic@stat.gov.mk.

Со почит,

Директор
д-р Дејан Станков

Подготвила: Славка Трпкова
Одобрил: Јованчо Сапунџиоски

Република Северна
Македонија
Државен завод
за статистика

**Предмет: Прибирање на податоците со образецот ВОИ-20**

*Почитувани,*

*Сакаме да ве информираме дека Државниот завод за статистика (ДЗС), во соработка со Министерството за дигитални трансформации (МДТ), на Националниот портал за е-услуги го постави образецот ВОИ.20 .*

*До услугата може да се пристапи директно на линкот*

*https://uslugi.gov.mk/apply-for-service.nspx?apsUniqueName=DZS-5793*

*или со скенирање на QR-кодот:*

*Секој студент потребно е да има активен кориснички профил на* **НИСКО НИВО** *за да го пополни образецот и притоа од системот ќе добие два официјално потврдени документи со електронски печат на ДЗС:*

1. *Генериран образец и*
2. *Потврда за успешно доставен образец.*

*Студентите се должни еден од овие документи да го достават до факултетите при упис на академската 2026/2027 година .*